РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2279/2
21-06-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на 49-та седница одржана на 07.06.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата поднесена од познат подносител – ------------------ од ----------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2279/1 од 07.02.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по истата бидејќи се однесува на настани што се случиле пред пет години и преземањето на било какви активности е застарено.

Предметот со број 12-2279/1 од 07.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2279/1 од 07.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – -------------------- од ---------------.

Подносителот во пријавата наведува дека во однос на едно исто лице по инспекциски надзор и по записник од инспекциски надзор била донесена одлука дека не се врши избор за работно место раководител на оддел претходна постапка во Основен суд -----------------, бидејќи предложениот кандидат немал работни искуство во одделот за претходна постапка. Во продолжение се наведува дека после не цели 3 месеци во февруари 2016 година донесена е одлука за унапредување во раководител на оддел во претходна постапка. Исто така, подносителот бара да се испита како е можно едно исто лице до ноември 2015 година да нема работно искуство и одеднаш после не цели 3 месеци до февруари 2016 година да има работно искуство и да биде избран за раководител на оддел за претходна постапка, по што ова лице врз основа на таа незаконита одлука за унапредување потоа се избира и за судски администратор. Во прилог на пријавата доставени се двете горенаведени одлуки, со делумно анонимизирани податоци.

Врз основа на податоците кои се содржани во предметната пријава и изнесеното барање, на седницата Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека нема елементи за надлежно постапување по истата бидејќи се однесува на настани што се случиле пред пет

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

години и преземањето на било какви активности е застарено. Исто така, наводите на подносителот и прилог документацијата не укажуваат на конкретна злоупотреба на службената положба и овластување од страна на службени лица – избрани или именувани или кои вршат работи од јавен интерес, а кои би можеле да се подведат под основи за сомневање за сторени дејствија на корупција, односно злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Ова дотолку повеќе што станува збор за настани кои се случиле во 2015-16 година, а посоченото лице веќе не е службено лице, односно состојбата е надмината.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**М-р Шемши Салаи**